РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
ул. Архимедова бр.2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (02) 322 66 55; факс +389 (02) 321 51 12; http:// www.gazibaba.gov.mk; opstina@gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 50 став (3) од Законот за урбанистичко планирање (''Сл.весник на РСМ'' бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 127/25 и 134/26), Градоначалникот на Општина Гази Баба, го дава следното:

## СООПШТЕНИЕ

Се известуваат граѓаните, правните лица од просторот опфатен со Предлог планот Измена и дополна на блок 1 од Урбанистички план за село Трубарево со разработка на блок 8, Општина Гази Баба, Скопје, државната управа, научните и стручните организации, дека Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе Одлука за организирање на:

## ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ЈАВНА АНКЕТА

По Предлог планот Измена и дополна на блок 1 од Урбанистички план за село Трубарево со разработка на блок 8, Општина Гази Баба, Скопје, кој опфаќа простор од 9,74 ха., со следните граници :

Границите на планскиот опфат се:

- Североисток: осовина на Магистрална улица 1 (Регионален пат Р1102)
- Југоисток: осовина на ул. „Новопланирана ул.5“, граница на КП269/8, ја пресекува КП572 и ја пресекува КП218/3
- Југозапад: ја пресекува КП218/3, КП218/1, КП218/5, КП221/1, КП223/1, КП223/2, КП223/3, КП 223/4, КП224/1, КП193/3 и КП193/2.
- Северозапад: ја пресекува КП193/2, КП193/1 и КП564/1.

Во рамките на Предлог планот Измена и дополна на блок 1 од Урбанистички план за село Трубарево со разработка на блок 8, Општина Гази Баба, Скопје, се предвидени следните класи на намена:

А1 - Домување во куќи со најмногу 4 станбени единици
Б (Б1, Б2, Б3, Б4, Б5) – Комерцијални и деловни намени
Б2 – Големи единици за трговија (над 200м2 и/или повеќе од П+1 кат)
Б5 – Хотели и хотелски комплекси
Д3 – Спорт и рекреација на зелени површини
Е1 – Сообраќајни, линиски и други инфраструктури

**Предлог планот Измена и дополна на блок 1 од Урбанистички план за село Трубарево со разработка на блок 8, Општина Гази Баба, Скопје,** ќе биде изложен во просториите на МЗ Трубарево, во рок од 30 дена и тоа почнувајќи од **13.08.2026 год. до 14.09.2026 год.** секој работен ден од 8,00 часот до 16.00 часот.

**Јавната презентација на Предлог планот Измена и дополна на блок 1 од Урбанистички план за село Трубарево со разработка на блок 8, Општина Гази Баба, Скопје**, ќе се одржи на ден **31.08.2026 год**. со почеток во 10.00 часот во просториите на Општина Гази Баба, барака 8 (голема сала).

Анкетните листови за учество во Јавната анкета ќе се наоѓаат во просториите на МЗ Трубарево.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

INTERCERT CERTIFIED ISO 9001 QMS

ул. Архимедова бр.2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (02) 322 66 55; факс +389 (02) 321 51 12; http:// www.gazibaba.gov.mk; opstina@gazibaba.gov.mk

Во определениот рок заинтересираните правни лица, физички лица, државната управа, научните и стручните организации можат да достават забелешки, предлози и мислења на Анкетните листови .

Бр.28-3/675/9
од 27.07.2026 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК

Бобан Стефковски